**Дневник** on-line издание

прва страна | инфо | прилози | импресум | маркетинг | контакт

среда, 06 мај 2009

МАКЕДОНИЈА
ЕКОНОМИЈА
ОТВОРЕНА
СВЕТ
ХРОНИКА
КУЛТУРА
СКОПЈЕ
СПОРТ
СЦЕНА
ОМНИБУС
НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА
АРХИВА
ПРЕТХОДНИ СОДРЖИНИ

# ОТВОРЕНА

## КОЛУМНА

## Музеј „Некрополитен“

Треба да се гради споменикот на Александар оти ќе спречи зголемување на невработеноста. Колку што италијанската економија е појака, толку поголем број невработени Македонци ќе се иселуваат таму. Ако лани во Италија заминале 15.000 Македонци, годинава сигурно ќе заминат повеќе. Така, стапката на невработеност кај нас ќе се намали



Инспириран од колумната „Десет причини против црквата на плоштадот“, решив да се надоврзам со контрапункт - „Десет причини за споменикот на Александар на плоштадот“. Еве зошто треба да се изгради споменикот:

1. Ќе спречи зголемување на невработеноста. Колку што италијанската економија е појака, толку поголем број невработени Македонци ќе се иселуваат таму. Ако лани во Италија заминале 15.000 Македонци, годинава сигурно ќе заминат уште повеќе. И така, стапката на невработеност кај нас ќе се намали.

2. Ќе привлече странски инвестиции. Александар е предвесник не само на воено-политичката, туку и на економската глобализација (зачетник на идеите за светска држава и светски пазар). Секоја компанија која држи до својот углед на глобалниот пазар ќе сака да инвестира во земја која во екот на светската економска криза може да потроши 4,5 милиони евра за скулптурата на „основоположникот на глобализацијата“.

3. Ќе придонесе за намалување на сиромаштијата. Монументалната скулптура сигурно ќе привлече огромен број богати љубители на уметноста кои ќе итаат да се сликаат во сенката на Букефал. Многубројните посетители на Њујоршкиот музеј на кичот „Метрополитен“ сигурно нема да ја пропуштат шансата да го посетат и скопскиот „Некрополитен“ музеј на уметноста. Воодушевени од возвишеноста на Александар, инспирирани од убавината на „Питачот“ и „Чистачот на чевли“, светските богаташи сигурно ќе бидат дарежливи кон нашите сиромашни просјаци и чистачи на чевли.

4. Александар е симбол на добрососедските односи со Грција. Нема потреба да се консултираат пророчиците од Делфи за да се согледа дека поставувањето на скулптурата ќе ги надмине сите досегашни проблеми меѓу нас и Грците. Несомнено, нашите јужни соседи ќе бидат воодушевени што сме поставиле статуа на херојот што покажуваше несекојдневна страст кон хеленската култура и философија, и кој Илијадата си ја чуваше под перница сонувајќи дека е Ахил.

5. Александар е симбол на воено-политичката интеграција. Ако Александар можеше воено-политички да ги интегрира не само Македонците и Хелените, туку и Хелените и Персијците, зошто тогаш да не помогне и во нашето воено-политичко интегрирање во НАТО и ЕУ? Кога нашиот министер за надворешни работи ќе им објасни на нашите сојузници дека скулптурата на Александар од нашата Македонија не претставува никаква безбедносна закана за нивната Македонија, тогаш македонско-грчкиот спор има да се реши како Гордиевиот јазол.

6. Александар е симбол и на мултикултурата. Не за џабе Автопатот „Братство-единство“ го прекрстивме во „Александар Македонски“. Според некои толкувачи, Александар основал

БЕЗ ПАРДОН



ПРЕБАРУВАЊЕ

dnevnik.com.mk

Барај со НАЈДИ!

Барај со НАБУ

Powered by nextsense webBuilder

ПРИЈАТЕЛИ НА ДНЕВНИК
ПРЕСПА
www.aber.net.mk
АВТО+
граѓански СВЕТ
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
K-15 PRODUCTION
МакСпортНет
najdi.org.mk/blog
On.net
ВРЕМИН
Southeast European Times
TeleKabel
Мрежа ЖИВО НАСЛЕДСТВО
nabu.com.mk

hit@ool



Без пардон
Стотка
Карикатура
Експериментални глувци
Морално изградување на партиите
ВЕБ-КОМЕНТАРИ

Колумна
Музеј "Некрополитен"
пишува: Жарко Трајановски

Едиторијал
Експериментални глувци
пишува: Анета Тодевска

Колумна
Стотка
пишува: Огнен Малески

ВРЕМЕ

| Среда | Четвրток |
|---|---|
| мин-макс 9/21 | мин-макс 4/23 |

ХОРОСКОП

КУРСНА ЛИСТА

| | |
|---|---|
| EUR | 61.27 |
| AUD | 34.04 |
| USD | 45.72 |
| GBP | 69.17 |

XML

мултикултурна империја во која се почитувале етничките и религиозните разлики. Тој не само што потекнува од мешан брак туку и ги охрабрувал мешаните бракови помеѓу своите војници и жените од „интегрираните" земји. Токму затоа, споменикот на Александар ќе биде прифатен од сите наши граѓани, независно од нивното етничко потекло и религијата.

7. Затоа што Александар се сметал себеси за Бог. Тој на дело покажал дека градењето институции не е толку битно како градењето култ на личноста. Иако некои неумесни шегаџии укажуваат на наводната разлика помеѓу Бог и Груевски (демек, Бог не мисли оти е Груевски), таа анегдота поскоро му прилега на Александар. Тој очекувал да биде признаен како богот Дионизиј меѓу Арапите, и како син на Амон-Ра меѓу Египќаните. Така, штом нашите верници ќе го завршат молењето во новата црква на плоштадот, скулптурата на Александар ќе ги потсетува на божјата заповед „Не ќе имаш никакви други богови покрај Мене".

8. Александар е дел од нашиот фолклор и митологија. Дозволете ми тука да го цитирам проф. д-р Ташко Белчев, од текстот „Македонија девет милениуми писменост, цивилизација и предисторија": „Целата древна митологија всушност почнува и завршува во Македонија". Крунски докази дека денешните Македонци се потомци на античките дава и Александар Донски посочувајќи многу народни преданија и легенди за Александар. На пример, во едно предание од Крива Паланка, Александар Македонски се бори против турскиот султан Мурат, а во друго од Прилеп „Александар Македонски го победил Дарие со тоа што се обложил со Дарие, кој ќе изеде повеќе од македонските лути пиперки". Итно, дури не се сетиле Словенците, лутеницата да се прогласи за национален бренд и да се организираат дуели во јадење лути пиперчиња на плоштад!

9. Со Александар „во Европа ќе влеземе како Македонци и никако поинаку". Споменикот ќе сведочи за тоа дека „Во Македонија нема антички Македонци и нема словенски Македонци, во Македонија има само Македонци".

10. Најпосле, како што спомнав во една претходна колумна, „Конечно, ќе добиеме достоен симбол на нашиот древен бисексуален идентитет". Од извори блиски на „Фејсбук", дознав дека и Здружението на граѓани „Александар Би Македонски" ја поддржува изградбата на споменик на најславниот бисексуалец во македонската историја. Ете зошто во нашето инклузивно општество нема потреба од донесување закон за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација. Како што истакнуваат историчарите на антиката, уште во македонскиот двор хомосексуалните и хетеросексуалните врски биле подеднакво почитувани.

Несомнено, споменикот на Александар на плоштадот ќе ја извојува битката против домашните непријатели и скептици, кои со својата малодушност го заведуваат стадото на „пастирот". Откако ќе му докажеме на светот дека Александар не е исклучиво ниту македонски ниту грчки, туку космополитски и глобализациски симбол, светскиот џет-сет има да навали во Македонија. Анџелина Џоли, Мадона, и Пинк ќе јадат лути пиперчиња која попрва да одржи концерт под „мадињата на Букефал". Нивните следбенички и следбеници ќе организираат љубовни паради во Скопје гордо изјавувајќи пред споменикот на „Аце наш голем маж": „Бисексуалка/бисексуалец сум и не се срамам од тоа!"

**Жарко Трајановски**

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар: